**ЗАПИСНИК**
**од четириесет и осмата седница на Совет на Општина Гевгелија**
**одржана на 27.08.2020 година**

На четириесет и осмата седница на Советот на општината која се одржа со почеток во 11 часот присуствуваа 18 члена на Советот од вкупно 19 члена колку што брои Советот.

**Покрај членовите на Советот на седницата беа поканети и присуствуваа:Сашо Поцков Градоначалник на општината, Весна Хаџикојчева вработена во општината, Митко Крџев директор на Општа болница-Гевгелија, Ана Чугунцалиева вработена во општината, Елизабета Стојменова директор на ЈОУДГ "Детска радост"-Гевгелија, Златко Зумров директор на ЈПКД ″Комуналец″-Гевгелија, Кети Аврамчева директор на ООУ "Владо Кантарџиев"-Гевгелија, Михаил Петров директор на ООУ "Крсте Мисирков"-Гевгелија, Жаклина Линкова директор на ООУ "Ристо Шуклев"- Негорци, :Васка Ефтимова директор на ООУ "Климент Охридски"-Миравци, Сузана Стефанова директор на ООМУ "Васо Карајанов"-Гевгелија и Ристо Ефтимов претседател на Регионалната занаетчиска комора-Гевгелија.**

Откако констатираа дека постои кворум за полноважно одлучување,Претседателот на Совет, Тодор Ристов ја отвори четириесет и осмата седница на Совет на Општина Гевгелија.

Претседателот отвори расправа по записникот од четириесет и седмата седница одржана на **30.07.2020** година.

**Ристо Камов член на Совет** – "Во записникот недостига дел во склоп на точка број 8 каде што во моја дискусија ми го одзедовте зборот и не ми дозволивте да продолжам па јас ја напуштив седницата.Од причини што тој дел не влезе во записникот инсистирам да се вметне и исто така да бидат регулирани записниците каде што имав интервенции во минатите седници .Уште еден апел до службите да ги добиваме и службените гласници во моментот на изговување."

**Тодор Ристов Претседател на Совет** –"Во однос на вашето напуштање на седницата јас ве предупредив да се држите до точката од дневен ред а за вашето самоволно напуштање тоа е ваше право и неможам да ви го ускратам.Во делот на забелешките службите ќе ги корегираат забелешките."

Претседателот го стави предлогот на советникот Ристо Камов,неговата дискусија да биде внесена во записникот и **Советот со 4 гласа за ,9 против и 5 не гласале не го усвои.**

Претседателот го стави на гласање  записникот од четириесет и седмата седница и **Советот  со 13 гласа за, 1 против ,2 воздржани и 2 не гласале го усвои.**

**Томе Кичуков член на Совет-**Претходната седница процедурално пред почетокот на седницата имав апел до надлежните институции да обртнат повеќе внимание на вечерните часови бидејќи има поплаки од граѓаните кои што живеат кај новото пазариште каде што се собираат деца и прават неконтролирена врева.Јас не гледам некоја повратна информација од овој апел .Сега има поплаки и за во градинката Детска радост па токму поради овие причини апелирам повторно да се преземат мерки за решавање на овој проблем.

Што се однесува до точката за КОВИД центар добро е што е ставена на дневен ред па ќе се разрешат сите деилеми.Претходната седница барав да се стави точка на дневен ред и околу образованието ,свесни сме дека почетокот на школската година се ближи ,се шират секакви информации и шпекулации па затоа потребно е да се стави ваква точка на дневен ред .

**Тодор Ристов Претседател на Совет** –Во однос на апелот исто и јас имав апел до надлежните институии за преземање на мерки и се надевам дека ќе преземат соодветни мерки за надминување на овој проблем а во однос на точката за образованието денеска имаме точки на дневен ред каде што ќе присуствуваат сите директори на образовните институции и ќе можат сите советници да им се обратат .

**Сашо Поцков Градоначалник на општината**-Школската година официјално ќе започне на 1-ви Октомври и тоа што го знаеме во моментот е дека наставата ќе се одвива по определни протоколи. Министерството за образование ќе состави управни тимови и секое училиште посебно ќе се изјаснува дали има услови за физичко присуство и услови за да се запазат сите протоколи во текот на наставата.Јас како градоначалник планирам кога ќе ја добиеме ние писмено обврската пред да биде испратено мислењето до министерството да свикаме вонредна седница на Совет каде што ќе бидат присутни и сите директори на образовните институции и детално ќе образложат на каков начин ќе се одвива наставата и по кои протоколи.

**Ристо Камов член на Совет**-Му благодарам на градоначалникот што беше исрпен во образложението за оваа информација што ја спомена Кичуков но мислев дека вие претседателе како присутен на комисиите што беа вчера ќе надополнете со тоа што беше кажано на комисиите бидејќи сите директори беа присутни и ги кажаа пределиминарните резултати од анкетите.

За работа на четириесет и осмата седница на Совет ,е предложен следниот

**ДНЕВЕН РЕД:**

1.Предлог-Решение за констатирање престанок на мандат на член на Советот на Општина Гевгелија,

2.Предлог-Решение за верификација на мандат на член на Советот на О.Гевгелија,

3.Предлог-Одлука за давање согласност на Измените и дополнувањата на Годишниот план за вработување во Општина Гевгелија за 2020 година,

4.Предлог-Одлука за давање согласност на Годишниот план за вработување во Општина Гевгелија за 2021 година,

5.Информација за отворањето на Регионалниот КОВИД центар во Гевгелија,

6.Предлог-Одлука за давање во закуп на недвижна ствар – објект во сопственост на Општина Гевгелија,

7.Предлог-Одлука за донесување на Конечен Предлог-Детален урбанистички план за дел од блок 7 (7.5), општина Гевгелија, плански период 2019-2024 година,

8.Предлог-Одлука за донесување на Конечен Предлог- урбанистички план за село Моин-Општина Гевгелија, плански период 2017-2027 година,

9.Предлог-Одлука за донесување на Конечен Предлог- урбанистички план за село Милетково-Општина Гевгелија, плански период 2017-2027 година,

10.Предлог-Решение за усвојување на Одлуката за ослободување на родителите од плаќање партиципација (режиски трошоци) на ЈОУДГ "Детска радост"-Гевгелија за месеците јуни, јули и август 2020 година,

11.Предлог-Решение за давање согласност на Одлуката за распоредување на нето-добивката на ЈПКД ″Комуналец″-Гевгелија за 2019 година,

12.Предлог-Решение за давање согласност на финансискиот извештај на ЈПКД ″Комуналец″- Гевгелија за периодот 01.01.2020г. – 30.06.2020 година, со посебен осврт за периодот од 01.04.2020г. – 30.06.2020 година,

13.Предлог-Решение за давање согласност на Годишниот план за вработување на ЈПКД ″Комуналец″-Гевгелија за 2021 година,

14.Предлог-Решение за давање согласност на Одлуката за утврдување на цена за снабдување со вода за пиење на ЈПКД ″Комуналец″-Гевгелија за 2021-2023 година,

15.Предлог-Решение за давање согласност на Одлуката за утврдување на цена за собирање и одведување урбани отпадни води на ЈПКД ″Комуналец″-Гевгелија за 2021-2023 година,

16.Предлог-Решение за давање согласност на Одлуката за утврдување на цена за прочистување на отпадни води на ЈПКД ″Комуналец″-Гевгелија за 2021-2023 година,

17.Предлог-Решение за давање согласност на Ценовникот за услуги на ЈПКД ″Комуналец″-Гевгелија,

18.Предлог-Решение за усвојување на Извештајот за работата на ООУ "Владо Кантарџиев"-Гевгелија за учебната 2019/2020 година,

19.Предлог-Решение за усвојување на Годишната програма за работа на ООУ "Владо Кантарџиев"-Гевгелија за учебната 2020/2021 година,

20.Предлог-Решение за усвојување на Извештајот за работата на ООУ "Крсте Мисирков"-Гевгелија за учебната 2019/2020 година,

21.Предлог-Решение за усвојување на Годишната програма за работа на ООУ "Крсте Мисирков"-Гевгелија за учебната 2020/2021 година,

22.Предлог-Решение за усвојување на Извештајот за работата на ООУ "Ристо Шуклев"- Негорци за учебната 2019/2020 година,

23.Предлог-Решение за усвојување на Годишната Програма за работа на ООУ "Ристо Шуклев"-Негорци за учебната 2020/2021 година,

24.Предлог-Решение за усвојување на Извештајот за работата на ООУ "Климент Охридски"-Миравци за учебната 2019/2020 година,

25.Предлог-Решение за усвојување на Годишната Програма за работа на ООУ "Климент Охридски"-Миравци за учебната 2020/2021 година,

26.Предлог-Решение за усвојување на Извештајот за работата на ООМУ "Васо Карајанов"-Гевгелија за учебната 2019/2020 година,

27.Предлог-Решение за усвојување на Годишната Програма за работа на ООМУ "Васо Карајанов"-Гевгелија за учебната 2020/2021 година.

28.Информација за работењето на Регионалната занаетчиска комора-Гевгелија за периодот од 2019 година до 15.06.2020 година.

**Тодор Ристов Претседател на Совет** отвори претрес по предложениот дневен ред и бидејќи никој не се јави за збор го стави дневниот ред на гласање и **Советот едногласно го усвои.**

**Точка 1. Предлог-Решение за констатирање престанок на мандат на член на Советот на Општина Гевгелија**

Претседателот на Советот го стави на гласање Предлог-Решението за констатирање престанок на мандат на член на Советот на Општина Гевгелија и **Советот едногласно го усвои.**

**Точка 2. Предлог-Решение за верификација на мандат на член на Советот на Општина Гевгелија.**

Перо Стојанов претседател на Комисијата за вефификација на мандати го образложи Преглог –Решението.

Претседателот на Советот го стави на гласање Предлог-Решението за верификација на мандат на член на Советот на Општина Гевгелија и **Советот со 17 гласа за го усвои и го верифицира мандатот на советникот Анета Стамкова.**

**Точка 3. Предлог-Одлука за давање согласност на Измените и дополнувањата на Годишниот план за вработување во Општина Гевгелија за 2020 година.**

Претседателот отвори претрес по Предлог-Одлуката за давање согласност на Измените и дополнувањата на Годишниот план за вработување во Општина Гевгелија за 2020 година.

Во претресот по оваа точка учествуваа: **Весна Хаџикојчева вработена во општината.**

По завршувањето на претресот претседателот на Советот ја стави на гласање Предлог-Одлуката за давање согласност на Измените и дополнувањата на Годишниот план за вработување во Општина Гевгелија за 2020 година и **Советот со 12 гласа за и 6 против ја усвои.**

**Точка 4. Предлог-Одлука за давање согласност на Годишниот план за вработување во Општина Гевгелија за 2021 година.**

Претседателот отвори претрес по Предлог-Одлуката за давање согласност на Годишниот план за вработување во Општина Гевгелија за 2021 година.

Во претресот по оваа точка учествуваа: **Весна Хаџикојчева вработена во општината,Зоран Лазаровски и Ристо Камов членови на Совет.**

По завршувањето на претресот претседателот на Советот ја стави на гласање Предлог-Одлуката за давање согласност на Годишниот план за вработување во Општина Гевгелија за 2021 година и **Советот со 11 гласа за , 6 против и 1 не гласал ја усвои.**

**Точка 5. Информација за отворањето на Регионалниот КОВИД центар во Гевгелија.**

Претседателот отвори претрес по Информацијата за отворањето на Регионалниот КОВИД центар во Гевгелија

Во претресот по оваа точка учествуваа: **Митко Крџев директор на Општа болница-Гевгелија, Томе Кичуков,Магдалена Делковска,Ристо Камов,Трајко Арџанлиев,Зоран Лазаровски,Лазар Мешков и Ристо Ѓоргиев членови на Совет.**

**Точка 6. Предлог-Одлука за давање во закуп на недвижна ствар – објект во сопственост на Општина Гевгелија .**

Претседателот отвори претрес по Предлог-Одлуката за давање во закуп на недвижна ствар – објект во сопственост на Општина Гевгелија

По завршувањето на претресот претседателот на Советот ја стави на гласање Предлог-Одлуката за давање во закуп на недвижна ствар – објект во сопственост на Општина Гевгелија и **Советот со 12 гласа за и 7 не гласале ја усвои.**

**Точка 7. Предлог-Одлука за донесување на Конечен Предлог-Детален урбанистички план за дел од блок 7 (7.5), општина Гевгелија, плански период 2019-2024 година.**

Претседателот отвори претрес по Предлог-Одлуката за донесување на Конечен Предлог-Детален урбанистички план за дел од блок 7 (7.5), општина Гевгелија, плански период 2019-2024 година.

Во претресот по оваа точка учествуваа: **Ана Чугунцалиева вработена во општината,Ристо Камов,Томе Кичуков членови на Совет.**

По завршувањето на претресот претседателот на Советот ја стави на гласање Предлог-Одлуката за донесување на Конечен Предлог-Детален урбанистички план за дел од блок 7 (7.5), општина Гевгелија, плански период 2019-2024 година и **Советот со 17 гласа за ја усвои.**

**Точка 8. Предлог-Одлука за донесување на Конечен Предлог-урбанистички план за село Моин-Општина Гевгелија, плански период 2017-2027 година.**

Претседателот отвори претрес по Предлог-Одлуката за донесување на Конечен Предлог- урбанистички план за село Моин-Општина Гевгелија, плански период 2017-2027 година

Во претресот по оваа точка учествуваа: **Ана Чугунцалиева вработена во општината,Ристо Камов член на Совет.**

По завршувањето на претресот претседателот на Советот ја стави на гласање Предлог-Одлуката за донесување на Конечен Предлог- урбанистички план за село Моин-Општина Гевгелија, плански период 2017-2027 година и **Советот со 17 гласа за ја усвои.**

**Точка 9. Предлог-Одлука за донесување на Конечен Предлог-урбанистички план за село Милетково-Општина Гевгелија, плански период 2017-2027 година.**

Претседателот отвори претрес по Предлог-Одлуката за донесување на Конечен Предлог- урбанистички план за село Милетково-Општина Гевгелија, плански период 2017-2027 година

Во претресот по оваа точка учествуваа: **Ана Чугунцалиева вработена во општината,Ристо Камов ,Виктор Кралев членови на Совет.**

По завршувањето на претресот претседателот на Советот ја стави на гласање Предлог-Одлуката за донесување на Конечен Предлог- урбанистички план за село Милетково-Општина Гевгелија, плански период 2017-2027 година година и **Советот со 17 гласа за ја усвои.**

**Точка 10. Предлог-Решение за усвојување на Одлуката за ослободување на родителите од плаќање партиципација (режиски трошоци) на ЈОУДГ"Детска радост"-Гевгелија за месеците јуни, јули и август 2020 година.**

Претседателот отвори претрес по Предлог-Решение за усвојување на Одлуката за ослободување на родителите од плаќање партиципација (режиски

трошоци) на ЈОУДГ"Детска радост"-Гевгелија за месеците јуни, јули и август 2020 година

Во претресот по оваа точка учествуваа: **Елизабета Стојменова директор на ЈОУДГ "Детска радост"-Гевгелија,Ристо Камов член на Совет**

По завршувањето на претресот претседателот на Советот го стави на гласање Предлог-Решението за усвојување на Одлуката за ослободување на родителите од плаќање партиципација (режиски трошоци) на ЈОУДГ"Детска радост"-Гевгелија за месеците јуни, јули и август 2020 година и **Советот со 16 гласа за го усвои.**

**Точка 11. Предлог-Решение за давање согласност на Одлуката за распоредување на нето-добивката на ЈПКД ″Комуналец″-Гевгелија за 2019 година**

Претседателот отвори претрес по Предлог-Решението за давање согласност на Одлуката за распоредување на нето-добивката на ЈПКД ″Комуналец″-Гевгелија за 2019 година

Во претресот по оваа точка учествуваа:**Златко Зумров директор на ЈПКД ″Комуналец″-Гевгелија.**

По завршувањето на претресот претседателот на Советот го стави на гласање Предлог-Решението за давање согласност на Одлуката за распоредување на нето-добивката на ЈПКД ″Комуналец″-Гевгелија за 2019 година и **Советот со 10 гласа за ,3 воздржани и 1 не гласал го усвои.**

**Точка 12. Предлог-Решение за давање согласност на финансискиот извештај на ЈПКД ″Комуналец″- Гевгелија за периодот 01.01.2020 година – 30.06.2020 година, со посебен осврт за периодот од 01.04.2020г. – 30.06.2020 година**.

Претседателот отвори претрес по Предлог-Решението за давање согласност на финансискиот извештај на ЈПКД ″Комуналец″- Гевгелија за периодот 01.01.2020г. – 30.06.2020 година, со посебен осврт за периодот од 01.04.2020г. – 30.06.2020 година.

Во претресот по оваа точка учествуваа:**Златко Зумров директор на ЈПКД ″Комуналец″-Гевгелија,Марија Магдинчева Шопова,Магдалена Делковска,Ристо Камов, Тихомир Ручкоманов,Томе Кичуков членови на Совет.**

По завршувањето на претресот претседателот на Советот го стави на гласање Предлог-Решението за давање согласност на финансискиот извештај на ЈПКД ″Комуналец″- Гевгелија за периодот 01.01.2020г. – 30.06.2020 година, со посебен осврт за периодот од 01.04.2020г. – 30.06.2020 година и **Советот со 10 гласа за 4 противи 2 не гласале го усвои.**

**Точка 13. Предлог-Решение за давање согласност на Годишниот план за вработување на ЈПКД ″Комуналец″-Гевгелија за 2021 година.**

Претседателот отвори претрес по Предлог-Решението за давање согласност на Годишниот план за вработување на ЈПКД ″Комуналец″-Гевгелија за 2021 година

Во претресот по оваа точка учествуваа:**Златко Зумров директор на ЈПКД ″Комуналец″-Гевгелија, Томе Кичуков,Тихомир Ручкоманов,Ристо Камов членови на Совет.**

По завршувањето на претресот претседателот на Советот го стави на гласање Предлог-Решението за давање согласност на Годишниот план за вработување на ЈПКД ″Комуналец″-Гевгелија за 2021 година година и **Советот со 9 гласа за ,3 против , 1 воздржан и 2 не гласале го усвои.**

Претседателот даде предлог точките 14,15 и 16 да се разгледуваат заедно а да се гласат поединечно и Советот едногласно го прифати овој предлог.

**Точка 14**. **Предлог-Решение за давање согласност на Одлуката за утврдување на цена за снабдување со вода за пиење на ЈПКД ″Комуналец″-Гевгелија за 2021-2023 година.**

Претседателот отвори претрес по точките 14,15 и 16.

Во претресот по оваа точка учествуваа:**Златко Зумров директор на ЈПКД ″Комуналец″-Гевгелија, Томе Кичуков,Тихомир Ручкоманов,Ристо Камов,Магдалена Делковска членови на Совет.**

По завршувањето на претресот претседателот на Советот го стави на гласање Предлог-Решението за давање согласност на Одлуката за утврдување на цена за снабдување со вода за пиење на ЈПКД ″Комуналец″-Гевгелија за 2021-2023 година и **Советот со 9 гласа за ,1 против и 4 не гласале го усвои.**

**Точка 15**. **Предлог-Решение за давање согласност на Одлуката за утврдување на цена за собирање и одведување урбани отпадни води на ЈПКД ″Комуналец″-Гевгелија за 2021-2023 година.**

По завршувањето на претресот претседателот на Советот го стави на гласање Предлог-Решението за давање согласност на Одлуката за утврдување на цена за собирање и одведување урбани отпадни води на ЈПКД ″Комуналец″-Гевгелија за 2021-2023 година и **Советот со 9 гласа за ,1 против и 4 не гласале го усвои.**

**Точка 16**. **Предлог-Решение за давање согласност на Одлуката за утврдување на цена за прочистување на отпадни води на ЈПКД ″Комуналец″-Гевгелија за 2021-2023 година.**

По завршувањето на претресот претседателот на Советот го стави на гласање Предлог-Решението за давање согласност на Одлуката за утврдување на цена за прочистување на отпадни води на ЈПКД ″Комуналец″-Гевгелија за 2021-2023 година и **Советот со 9 гласа за ,1 против и 4 не гласале го усвои.**

**Точка 17**. **Предлог-Решение за давање согласност на Ценовникот за услуги на ЈПКД ″Комуналец″-Гевгелија.**

Претседателот отвори претрес по Предлог-Решението за давање согласност на Ценовникот за услуги на ЈПКД ″Комуналец″-Гевгелија.

Во претресот по оваа точка учествуваа:**Златко Зумров директор на ЈПКД ″Комуналец″-Гевгелија.**

По завршувањето на претресот претседателот на Советот го стави на гласање Предлог-Решението за давање согласност на Ценовникот за услуги на ЈПКД ″Комуналец″-Гевгелија и **Советот со 10 гласа за ,3 против и 1 не гласал го усвои.**

Претседателот даде предлог точките 18 и 19 да се разгледуваат заедно а да се гласат поединечно и Советот едногласно го прифати овој предлог.

**Точка 18. Предлог-Решение за усвојување на Извештајот за работата на ООУ "Владо Кантарџиев"-Гевгелија за учебната 2019/2020 година.**

Претседателот отвори претрес по точките 18 и 19.

Во претресот по оваа точка учествуваа:**Кети Аврамчева директор на ООУ "Владо Кантарџиев"-Гевгелија**

По завршувањето на претресот претседателот на Советот го стави на гласање Предлог-Решението за усвојување на Извештајот за работата на ООУ "Владо Кантарџиев"-Гевгелија за учебната 2019/2020 година и **Советот со 9 гласа за и 2 против го усвои.**

**Точка 19. Предлог-Решение за усвојување на Годишната програма за работа на ООУ "Владо Кантарџиев"-Гевгелија за учебната 2020/2021 година.**

По завршувањето на претресот претседателот на Советот го стави на гласање Предлог-Решението за усвојување на Годишната програма за работа на ООУ "Владо Кантарџиев"-Гевгелија за учебната 2020/2021 година и **Советот со 9 гласа за и 2 против го усвои.**

Претседателот даде предлог точките 20 и 21 да се разгледуваат заедно а да се гласат поединечно и Советот едногласно го прифати овој предлог.

**Точка 20. Предлог-Решение за усвојување на Извештајот за работата на ООУ "Крсте Мисирков"-Гевгелија за учебната 2019/2020 година.**

Претседателот отвори претрес по точките 20 и 21.

Во претресот по оваа точка учествуваа:**Михаил Петров директор на ООУ "Крсте Мисирков"-Гевгелија**

По завршувањето на претресот претседателот на Советот го стави на гласање Предлог-Решението за усвојување на Извештајот за работата на ООУ "Крсте Мисирков"-Гевгелија за учебната 2019/2020 година и **Советот со 9 гласа за и 2 против го усвои.**

**Точка 21. Предлог-Решение за усвојување на Годишната програма за работа на ООУ "Крсте Мисирков"-Гевгелија за учебната 2020/2021 година.**

По завршувањето на претресот претседателот на Советот го стави на гласање Предлог-Решението за усвојување на Годишната програма за работа на ООУ "Крсте Мисирков"-Гевгелија за учебната 2020/2021 година и **Советот со 9 гласа за и 2 против го усвои.**

Претседателот даде предлог точките 22 и 23 да се разгледуваат заедно а да се гласат поединечно и Советот едногласно го прифати овој предлог.

**Точка 22. Предлог-Решение за усвојување на Извештајот за работата на ООУ "Ристо Шуклев"- Негорци за учебната 2019/2020 година.**

Претседателот отвори претрес по точките 22 и 23

Во претресот по оваа точка учествуваа:**Жаклина Линкова директор на ООУ "Ристо Шуклев"- Негорци**

По завршувањето на претресот претседателот на Советот го стави на гласање Предлог-Решението за усвојување на Извештајот за работата на ООУ "Ристо Шуклев"- Негорци за учебната 2019/2020 година и **Советот со 9 гласа за и 2 против го усвои.**

**Точка 23. Предлог-Решение за усвојување на Годишната Програма за работа на ООУ "Ристо Шуклев"-Негорци за учебната 2020/2021 година.**

По завршувањето на претресот претседателот на Советот го стави на гласање Предлог-Решението за усвојување на Годишната Програма за работа на ООУ "Ристо Шуклев"-Негорци за учебната 2020/2021 година и **Советот со 9 гласа за и 2 против го усвои.**

Претседателот даде предлог точките 24 и 25 да се разгледуваат заедно а да се гласат поединечно и Советот едногласно го прифати овој предлог.

**Точка 24. Предлог-Решение за усвојување на Извештајот за работата на ООУ "Климент Охридски"-Миравци за учебната 2019/2020 година.**

Претседателот отвори претрес по точките 24 и 25

Во претресот по оваа точка учествуваа:**Васка Ефтимова директор на ООУ "Климент Охридски"-Миравци**

По завршувањето на претресот претседателот на Советот го стави на гласање Предлог-Решението за усвојување на Извештајот за работата на ООУ "Климент Охридски"-Миравци за учебната 2019/2020 година и **Советот со 9 гласа за и 2 против го усвои.**

**Точка 25. Предлог-Решение за усвојување на Годишната Програма за работа на ООУ "Климент Охридски"-Миравци за учебната 2020/2021 година.**

По завршувањето на претресот претседателот на Советот го стави на гласање Предлог-Решението за усвојување на Годишната Програма за работа на ООУ "Климент Охридски"-Миравци за учебната 2020/2021 година и **Советот со 9 гласа за и 2 против го усвои.**

Претседателот даде предлог точките 26 и 27 да се разгледуваат заедно а да се гласат поединечно и Советот едногласно го прифати овој предлог.

**Точка 26. Предлог-Решение за усвојување на Извештајот за работата на ООМУ "Васо Карајанов"-Гевгелија за учебната 2019/2020 година.**

Претседателот отвори претрес по точките 26 и 27

Во претресот по оваа точка учествуваа:**Сузана Стефанова директор на ООМУ "Васо Карајанов"-Гевгелија**

По завршувањето на претресот претседателот на Советот го стави на гласање Предлог-Решението за усвојување на Извештајот за работата на ООМУ "Васо Карајанов"-Гевгелија за учебната 2019/2020 година година и **Советот со 9 гласа за и 2 против го усвои.**

**Точка 27. Предлог-Решение за усвојување на Годишната Програма за работа на ООМУ "Васо Карајанов"-Гевгелија за учебната 2020/2021 година.**

По завршувањето на претресот претседателот на Советот го стави на гласање Предлог-Решението за усвојување на Годишната Програма за работа на ООМУ "Васо Карајанов"-Гевгелија за учебната 2020/2021 година и **Советот со 9 гласа за и 2 против го усвои.**

**Точка 28. Информација за работењето на Регионалната занаетчиска комора-Гевгелија за периодот од 2019 година до 15.06.2020 година**.

Претседателот отвори претрес по Информацијата за работењето на Регионалната занаетчиска комора-Гевгелија за периодот од 2019 година до 15.06.2020 година.

Во претресот по оваа точка учествуваа:**Ристо Ефтимов претседател на Регионалната занаетчиска комора-Гевгелија ,Виктор Кралев член на Совет.**

Бидејки дневниот ред беше исцрпен Претседателот на Совет ја затвори четириесет и осмата седница на Советот на Општина Гевгелија.

**Записничар,**
**Благој Картов**

**Претседател**
**на Совет на општина Гевгелија**
**Тодор Ристов**
**с.р.**